**Образложение кон неревидираниот консолидиран и посебен Биланс на успех за период 01.01-31.03.2023 година**

**Консолидиран финансиски резултат**

Консолидираната оперативна добивка на Групацијата Реплек за периодот од 1 јануари 2023 година до 31 март 2023 година изнесува 24.315 илјади денари. Оперативните приходи изнесуваат 316.217 илјади денари и се намалени за 14% главно заради прекинување со вршење дејност во Реплек Маркет, додека оперативните расходи изнесуваат 288.262 илјади денари и бележат намалување од 1% во однос на истиот период претходната година.

Консолидираните приходи од продажба се намалени за 14% во однос на истиот период минатата година.

Приходите од продажба по деловни сегменти:

- Приходите на продажба на сегмент фармација бележат намалување за 9% во однос на минатата година
  - ✓ Приходите од продажба на странски пазар се намалени за само 1%
  - ✓ Приходите од продажба на домашен пазар на сегмент фармација се намалени за 38% во однос на истиот период минатата година
- Приходите на продажба кај трговија на разни стоки и угостителски услуги обавувани преку Реплек Маркет се намалени за 71% во однос на минатата година заради прекинување на угостителски услуги во мај 2022 година и дејноста трговија на разни стоки во јануари 2023 година.

Приходи од продажба по географски сегменти:

- Приходите од продажба на странски пазар со учество во вкупните приходи од продажба од 82% (2022: 71%) се намалени за само 1%
- Приходите од продажба на домашен пазар се намалени за 48%

Реализираниот промет во сегмент фармација е во рамките на планираното. Консолидираната добивка пред оданочување изнесува 21.545 илјади денари и бележи намалување од 63% во однос на истиот период минатата година, поради намалени приходи од продажба, додека кај консолидираните оперативни расходи се забележува зголемен трошок за трошок за вработени како и за електрична енергија. Во консолидираните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2023 година кредитното задолжување е намалено за 11.222 илјади денари, односно на 31 март 2023 година изнесува 278.710 илјади денари (на 31 декември 2022 година изнесува 289.932 илјади денари).

**Неконсолидиран финансиски резултат**

Реплек АД Скопје (Веледрогерија) во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 март 2023 година оствари неконсолидирана добивка пред оданочување во износ од 81.547 илјади денари и бележи намалување од 1% во однос на истиот период минатата година. Остварената добивка пред оданочување во најголем дел произлегува од евидентираните приходи од вложувања во поврзаните субјекти во износ од 60.467 илјади денари што претставува дел од остварениот резултат на поврзаните субјекти во 2022 година (претходната година е извршена распределба на дивиденди од поврзаните субјекти на износ од 80.315 илјади денари од остварениот резултат во 2021 година).

Во поединечните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2023 година кредитното задолжување е намалено за 3.417 илјади денари, односно на 31 март 2023 година изнесува 139.611 илјади денари (на 31 декември 2022 година изнесува 143.028 илјади денари).

Реплек АД Скопје согласно Одлуката за стекнување сопствени акции со откуп Број 02-1979/1, донесена на Годишното собрание на акционери одржано на 27.04.2022 година, изврши откуп на 111 сопствени обични акции преку Македонска Берза во март 2023 година со што вкупно поседува 1.311 сопствени обични акции, односно 5,06% од основната главнина на друштвото.

Врз основа на Одлуката од Управниот одбор на Реплек АД од 05.01.2023, на 09.01.2023 Управителот на Реплек Маркет донесе одлука работната единица Маркет, поради слабите резултати да се затвори. Следствено на одлуката, на 07.02.2023 склучен е договор за закуп со правно лице за недвижниот имот и опрема  кои биле користени во извршувањето на дејноста на работната единица Маркет. Согласно договорот дополнително закупецот ги презема и сите вработени од закуподавачот во постојниот деловен објект и залихата со која располага Реплек Маркет на тој датум.

РЕПЛЕК АД Скопје